**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ЛЕКТОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕРМАНИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлуката бр.1902-43/21 од 29.1.2018 година донесена на 166. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 29.1.2018 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање *лектор* за научната област *германистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

– доц. д-р Драгана Кузмановска (претседател), доцент во наставно-научната област *германистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
– проф. д-р Билјана Ивановска (член), вонреден професор во наставно-научната област *германистика* и *граматика, семантика, семиотика и синтакса* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
– проф. д-р Нина Даскаловска (член), вонреден професор од наставно-научната област *методика на наставата по англиски јазик и книжевност* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 18.12.2017 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: м-р Марица Тасевска, вработена како лаборант со високо образование на Филолошки факултет на Катедрата за германски јазик и книжевност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р. Македонија.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Марица Тасевска** е родена во 1987 година во Штип. Основното и средното образование завршува во Штип, а понатамошното образование го продолжува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, на Катедрата за германски јазик и книжевност, каде што се здобива со стручен назив: дипломиран професор по германски јазик и книжевност.

Во 2012 година се вработува на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип како кореспондент по германски јазик на Катедрата по германски јазик и книжевност. Со искуство во образовниот процес се здобива претходно работејќи во приватно училиште во Скопје и одржувајќи приватни часови по германски јазик за ученици од основно и од средно образование.

Во 2013 година се запишува на постдипломските студии на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на Катедрата за германски јазик и книжевност, насока *Методика на наставата по германски јазик и книжевност*, каде што по одбраната на магистерскиот труд под наслов *„Вештината зборување во учебниците по германски јазик како странски јазик и нејзината употреба во наставата“* магистрира со просек од 9.85 и се стекнува со титулата магистер по филолошки науки од областа методика на наставата по германски јазик и книжевност.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во лектор***

Според член 126 од Законот за високо образование за лектор може да биде избрано лице кое има завршено студии од втор циклус од научна област во која се избира и покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

1. М-р Марица Тасевска има завршено прв и втор циклус студии во областа во која се бира — наставник во наставно-стручно звање *лектор* за научната област *германистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Има објавено научни и најмалку пет стручни трудови (подолу следи нивна евалуација).
3. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите од својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

Кандидатката м-р Марица Тасевска има завршено втор циклус студии од научната област методика на наставата по германски јазик и книжевност, има работно искуство во областа во која се избира и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звањето *лектор*.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошкиот факултет кандидатката м-р Марица Тасевска се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини во комуникацијата, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката активно учествува во подготвување на вежбите за изборните предмети организирани од Катедрата за германски јазик и книжевност, потоа во стручна подготовка на изборните факултетски и универзитетски предмети како што се: Германски јазик како странски јазик за нематичните факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Деловен германски јазик 2, 3, 4, 5 и 6 на Економски факултет и Германскиот јазик како универзитетски предмет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Покрај обврските поврзани со вежбите по наведените предмети, таа ги извршува одговорно и совесно сите други задачи за потребите на Катедрата за германски јазик и книжевност, на Факултетот и на Универзитетот.

М-р Марица Тасевска важи за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, објавените трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација до нејзиниот избор.

***Објавени научни и стручни трудови***

Резултатите од научната и стручната активност на м-р Марица Тасевска се презентирани преку следниве трудови и скрипти:

– Тасевска, Марица; Хаџи-Николова, Адријана (2017) „Англицизмите во германскиот јазик врз примери од списанијата ‘JOY’ и ‘WOMAN’“. *Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование ФИЛКО*. 10-12 мај 2017, Воронеж, Русија, стр. 579-590. ISSN ISBN 978-608-244-469-7.
– Daskalovska, Nina and Dimova, Violeta and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Ulanska, Tatjana and Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2017) „The role of supplemental instruction in improving students’ language competence at the Faculty of Philology“. *Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers,* 19.3 (14). pp. 185-191. ISSN 1857-923X.
– Тасевска, Марица (2016) „Застапеноста на германските јазични вариетети во Австрија во учебниците по германски јазик како странски јазик ’Schritte International’“. *First International Scientific Conference, FILKO, Philology, Culture and Education*. ISSN 978-608-244-308-9.
– Тасевска, Марица (2014) „Фактори за определување на родот во германскиот јазик“. *Годишен зборник 2014*. Филолошки факултет, УГД - Штип. ISSN 1857-7059.

**Евалуација на трудот „Англицизмите во германскиот јазик врз примери од списанијата ‘JOY’ и ‘WOMAN’“**

Во овој труд се анализира застапеноста на англицизмите во современиот германски јазик врз база на германските списанија за жени. Целта е да се укаже на големиот број зборови од англиско потекло кои се присвојуваат во германскиот јазик. Дел од нив поради

зачестената употреба се карактеризираат како заемки, зборови кои со текот на времето не се чувствуваат повеќе како странски, туку како дел од германскиот јазик.

**Евалуација на трудот „The role of supplemental instruction in improving students' language competence at the Faculty of Philology“**

Фокусот на овој труд е проектот „Дополнителна настава како алатка за подобрување на јазичните компетенции на студентите на Филолошкиот факултет”. Студентите кои се запишуваат во прва година на студии на Филолошкиот факултет во Штип имаат различни нивоа на јазична компетенција, така што студентите со пониско ниво на владеење на јазикот се соочуваат со тешкотии во постигнувањето на целите на учење на современи македонски / англиски / германски курсеви. Затоа, целта на овој проект е да ги утврди ефектите од дополнителната настава за подобрување на јазичните компетенции кај учениците и постигнување резултати кои ќе послужат како основа за поголем успех во текот на нивното студирање.

**Евалуација на трудот „*Застапеноста на германските јазични варијетети во Австрија во учебниците по германски јазик како странски јазик 'Schritte International'* “**

Целта на овој труд е да се направи анализа на еден од учебниците кои се користат при изучувањето на германскиот јазик како странски јазик во високото образование, поконкретно да се утврди застапеноста на германските јазични варијетети во Австрија и нивните еквиваленти во Германија, како австриската култура и традиција и начинот на кои тие се презентирани во учебниците „Schritte International“. Германскиот јазик припаѓа на групата на германски јазици, најблизок до англискиот и до холандскиот јазик. Како мајчин јазик го зборуваат околу 100 милиони луѓе. Како прв јазик најмногу се зборува во Германија, потоа следуваат Австрија и Швајцарија, но исто така и јазик што го зборува мнозинството население во Луксембург и во Лихтенштајн. Со текот на времето овој јазик се развива, при што како последица од развојот се јавуваат и варијанти на јазикот, специфични за секое германско јазично подрачје. Како проучувачи на германскиот јазик, пред сè, професори кои го пренесуваат германскиот јазик и германската култура, потребно е покрај стандардниот германски јазик, проучувачите да се запознаат и со неговите јазични варијетети во различни подрачја, како и нивните култури, со цел да се избегне културниот „шок“ кој може да се доживее при посета на некоја од овие земји.

**Евалуација на трудот „*Фактори за определување на родот во германскиот јазик*“**

Како една од повеќето тешкотии со кои се соочуваат изучувачите на германскиот јазик претставува родот кај именките во германскиот јазик. Токму поради таа причина, во овој труд се анализира граматичката категорија род, како категорија која носи главна функција во една реченица: организација на текст, т.е. поврзување на формалните елементи на именската група и на реченицата, како и факторите кои влијаат врз определувањето на родот на именката, со цел полесно изучување на истиот. Опфатени се трите фактори (правила) за определување на родот, и тоа: семантичките, морфолошките и фонолошките фактори за определување на родот кај зборовната класа именки во германскиот јазик.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во својата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност кандидатката м-р Марица Тасевска активно учествуваше во низа стручно-апликативни и организациски активности на Филолошкиот факултет. Од нив ги издвојуваме следниве:

- Учество во проектот „Ментор“ (2016-2017), кој заедно го спроведуваат Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Преведувачкото биро „ПСД“ во Словенија, каде што претставниците на словенечкото претпријатие ќе држат обуки за студентите од УГД за применување на најсовремените алатки за преведување, а истовремено преку тестови ќе бидат избрани и најдобрите преведувачи кои ќе можат да добијат можност да работат за ПСД од Словенија;

- Учество во проектот „Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет", Daskalovska, Nina and Dimova, Violeta and Kuzmanovska, Dragana and Venovska-Antevska, Snezana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Ulanska, Tatjana and Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2017).
- Членување во Комисија за запишување и изведување уписи на нови студенти на УГД (2013-2017);
- Превод на документи за потребите на Филолошкиот факултет и на сите единици при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Марица Тасевска поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип **да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката м-р Марица Тасевска во наставно-стручното звање *лектор* за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Драгана Кузмановска, доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Билјана Ивановска, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Нина Даскаловска, вонреден професор, член, с.р.**